Центар за консалтинг и инженеринг
КОНЦЕПТ ЕУ ДОО
Бр. 03-8/2
15.01.2019 год.
КОЧАНИ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 05-9816
18.01.2019 год.
КОЧАНИ

# Д о г о в о р

**Склучен помеѓу:**

**1. Општина Кочани,** со седиште на ул.„Раде Кратовче" бр.1 Кочани, застапувана од Градоначалникот на Општина Кочани, Николчо Илијев, во својство на одговорно лице на Договорниот орган (во понатамошниот текст: ***Нарачател***) и

**2.** ***Центар за консалтинг и инженеринг "КОНЦЕПТ ЕУ" ДОО Кочани***, со седиште на ул.„Скопска" бр.5/1/3, Кочани, застапувано од Управителот Љубомир Јанев, со ДБ: МК4013009503551 и ЕМБС: 6472150, жиро с-ка 280115100600288, депонент на Силк Роуд Банка АД Скопје, (во понатамошниот текст : ***Изработувач***).

**Предмет на договорот**

**Член 1**

Предмет на Договорот за јавна набавка на услуга е:

**Изработка на проектна документација за објекти за социјално загрозени лица**

Предметот на набавката од ст.1 на овој член е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на Тендерската документација бр.05-2590/3, изработена од Нарачателот за спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди, со објавување на оглас бр.05-2590/4/2018 од 12.12.2018 год., објавен на ЕСЈН, а врз основа на Одлука за јавна набавка бр. 05-2590/2 од 07.12.2018 год.

**Вредност на договорот**

**Член 2**

Изработувачот ќе ја изврши услугата предмет овој Договор за износ во висина од **66.000,00 денари без ДДВ**, согласно извештајот од спроведената е-аукција.

Вредноста на ДДВ изнесува 11.880,00 денари.

**Вкупниот износ на договорот со ДДВ изнесува 77.880,00 денари.**

Единечната цена за услугата – предмет на овој договор од првично поднесената понуда е намалена за 56 %, а во согласност со извештајот од е-аукција од 24.12.2018, генериран на ЕСЈН.

Корекција на цената на услугата за предметот на договорот за јавна набавка не е дозволена и истата ќе остане фиксна за целото времетраење на договорот, освен ако корекцијата оди во надолна линија.

**Извор на средства, начин и рок на плаќање**

**Член 3**

Средствата за реализација на договорот за конкретната јавна набавка се обезбедени во Буџетот на Општина Кочани за 2018 и 2019 год., Програма ФА, ставка 482.

Плаќањето ќе се врши со доставување на фактура од Изработувачот, во рок од 60 /шеесет/ дена, сметано од денот на приемот на фактурата во архивата на Нарачателот. Составен дел на фактурата е испратница во која ќе биде опишана конкретната услуга согласно техничката спецификација и број на доставени изработени примероци.

Испратницата во смисла на овој член е должен да ја издаде Изработувачот во 3 /три/ примерока и истата треба да е потпишана од овластено/задолжено лице кај Нарачателот и овластено/задолжено лице кај Изработувачот. По еден примерок од испратницата се предава на овластеното/задолженото лице кај Нарачателот, еден примерок задржува Изработувачот за сопствени потреби и еден примерок заедно со фактурата се доставува до Општина Кочани-Сектор за финансиски прашања.

Доколку фактурата не ја содржи предвидената придружна документација, истата нема да се реализира и ќе биде вратена на Изработувачот.

**Начин и рок за извршување на услугите**

**Член 4**

Изработувачот е должен предметот на договорот да го изврши согласно техничката спецификација-проектната задача, во рок од **4 (четири) месеци** сметано од денот на склучување на договорот.
Изработка на комплетна проектна документација за изградба на објект со основна класа на намена А1 – Домување во стамбени куќи.
Проектната документација да биде изработена на ниво на основен проект со сите потребни фази за добивање на одобрение за градење и добивање на согласност од ИЗИС.
Изработувачот е должен услугата-предмет на договорот да ја изврши во согласност со сите важечки закони, норми и прописи за проектирање на конструкции од ваков тип.

**Број и начин за доставување на изработените примероци**

**Член 5**

Бројот и начинот за доставување на изработените примероци од проектната документација, кои Изработувачот е обврзан да ги достави на Нарачателот се:

- четири примероци во хартиена форма и на ЦД во електронска форма средено и потпишано според важечкиот закон за добивање на одобрение за градење

**Обврски на Нарачателот**

**Член 6**

Нарачателот е должен да ги обезбеди сите потребни документи и податоци, објаснувања, информации со кои располага за несметано вршење на услугите, согласно неговите потреби и техничката спецификација.

Нарачателот е должен плаќањето да го врши на договорениот начин и рок за плаќање со Изработувачот согласно чл.3 од овој Договор.

**Обврски на Изработувачот**

**Член 7**

Изработувачот е должен проектирањето да го извршува согласно проектната задача изготвена и потпишана од Нарачателот.

Изработувачот е должен проектот да го изработи согласно со стандардите и нормативите за проектирање и истиот е одговорен за усогласеноста на проектите со условите за градење.

Изработувачот е должен евентуално оправданите забелешки од Нарачателот да ги отстрани без надоместок.

**Договорна казна**

**Член 8**

Во случај на доцнење со извршување на услугите предмет на Договорот, Корисникот на услугата има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорната казна изнесува 5 % (проценти) од вкупната вредност на овој Договор за секој ден задоцнување, со тоа што износот на така определената договорна казна не може да премине 20% (проценти) од вкупната вредност на Договорот за јавна набавка. Договорната казна се пресметува додека Давателот на услугата не ги изврши услугите, односно обврските предмет на Договорот.

Кога Давателот на услугата доцни со исполнување на предметот на Договорот, потребно е Корисникот на услугата веднаш по приемот на исполнувањето на обврските да му врачи на Давателот на услугата писмено известување дека Корисникот на услугата го задржува правото на договорна казна.

Договорната казна изнесува 40 % (проценти) од вкупната вредност на Договорот за јавна набавка, во случај на неисполнување на обврската на Давателот на услугата.

Нарачателот го губи правото да бара исполнување на обврската ако побарал исплата на договорната казна.

Наплатата на договорната казна не го ослободува Изработувачот од одговорност за евентуално претрпена штета на Нарачателот.

**Времетраење на важност на договорот**

**Член 9**

Времетраење на важноста на овој Договор претставува времето кога ќе бидат исполнети обврските кои што со овој Договор ги имаат превземено договорните страни, но не повеќе од **4 /четири /месеци**, сметано од денот на склучувањето на истиот .

**Решавање на спорови**

**Член 10**

Сите евентуални и спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

**Член 11**

Во случај на спор, истите ќе се решаваат пред месно и стварно надлежен суд.

**Завршни одредби**

**Член 12**

Договорните страни се обврзани, за реализација на овој Договор, да соработуваат меѓу себе, да се грижат за унапредување на односите и за таа цел редовно и благовремено да се информираат за се што е потребно за реализација на Договорот.

**Член 13**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена

форма, ако се потпишани од двете договорни страни и ако се во согласност со Законот за јавните набавки и другите важечки прописи во РМ.

**Член 14**

Договорните страни се согласни за сѐ што не е предвидено со овој договор да се применуваат одредбите од позитивните законски прописи и стандарди во Република Македонија, за вршење на ваков вид на набавка.

**Член 15**

Договорните страни се должни да ги применуваат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за времетраење на важноста овој Договор.

**Член 16**

Овој Договор е составен во 6 (шест) еднакви примероци, од кои 4 (четири ) примероци за Нарачателот и 2 (два) примерока за Изработувачот и стапува на сила со денот на неговото склучување.

| | |
|---|---|
| **за Изработувачот,** | **за Нарачателот,** |
| **ЦКИ "Концепт ЕУ" ДОО Кочани** | **Општина Кочани** |
| **Управител,** | **Градоначалник,** |
| **( Љубомир Јанев )** | **( Николчо Илијев )** |

***Составен дел на овој договор е техничката спецификација***

***Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова***
***Контролирал: Помошник раководител на Сектор за располагање и уредување на градежно земјиште -Влатко Димитров***

## ПРОЕКТНА ЗАДАЧА

## ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ОБЈЕКТИ ЗА СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ ЛИЦА

**1.ОПШТИ ПОДАТОЦИ**

Инвеститор: Општина Кочани

Назив на објектот: **Проектна документација за објекти за социјално загрозени лица**

**2. ПРОГРАМСКИ БАРАЊА**

Изработка на комплетна проектна документација за изградба на објект со основна класа на намена А1 – Домување во станбени куќи.

Проектна документација да биде изработена на ниво на Основен проект со сите потребни фази за добивање на одобрение за градење и добивање согласност од ИЗИС.

Проектната документација да биде изработена согласно сите важечки закони, норми и прописи за проектирање на конструкции од ваков тип.

**3. ЛОКАЦИЈА**

ГП 1.38, ГП1.39, ГП.1.40, ГП 1.41, ГП 1.42, ГП 1.43, ГП 1.44 на дел од КП 4766/7, и КП 4738/6 КО Кочани, Општина Кочани;

Пристапот до објектите е преку новопредвидената станбена улица "Ст-1".

**4. АРХИТЕКТУРА - ПРОГРАМА И ОБЛИКУВАЊЕ**

**Општина Кочани**

Раде Кратовче бр.1 • 2300 Кочани • Македонија
тел. +389(0)33/274-001 • факс . +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

Градежните парцели кои се опфатени со оваа проектна задача се со иста геометрија и имаат правоаголна форма со димензии од 20x19.20 м, односно со вкупна површина од 384 $м^2$ и површината за градење во секоја од градежните парцели е идентична, со димензии од 19.20x7.20 м, односно со вкупна површина од 138.24 $м^2$.

Предвидените станбени куќи да ги искористуваат во целост предвидените површини за градба додека висината на истите од кота на готов тротоар до кота на венец од објект да не биде поголема од 4.20 метри.

Предвидените станбени куќи подолжно да бидат ориентирани во правец север-југ.

Во склоп на секоја станбена куќа да бидат предвидени четири станбени единици во низа со правилна геометриска форма, формирајки идентични површини и идентичен распоред на простории.

Станбени куќи кои се дел од оваа проектна задача да бидат предвидени само со приземје. Во секоја од станбените единици да бидат предвидени дневна соба, чајна кујна, трпезарија, спална соба и бања.

Над влезовите во станбените единици да биде предвидена настрешница со ширина не поголема од 110 см.

Завршната обработка на внатрешните ѕидови потребно е да биде изведена со фин малтер за внатрешна употреба и обоени во бела боја.

Завршната обработка на надворешните ѕидови потребно е да биде изведена со фин малтер за надворешна употреба и обоени во бела боја.

Завршната обработка на плафоните треба да биде со фин малтер за внатрешна употреба и обоени во бела боја.

Внатрешните плафони да бидат предвидени од олеснат бетон со експандиран полистирен (EPS lightweight concrete).

Завршната обработка на подовите проектантот да ги предвиде со ламинат, со исклучок на предвидената мини кујна и бања каде треба да се предвиде завршна обработка со керамички плочки.

Покривката да биде предвидена од пластифициран сендвич лим со исполна од 50мм и дебелина на лимот д-0.5мм, поставен на челична подконструкција.

Сите внатрешни врати да бидат предвидени како дрвени, влезната врата да биде предвидена од алуминиум, а надворешната столарија да бидат предвидени од ПВЦ материјал.

Во бањата да се постават керамички плочки до висина на плафон, додека на ѕидните површини по должина на предвидената чајна кујна да се постават керамички плочки до висина од 150см.

Хидроизолацијата во санитарните јазли да биде предвидена на подната површина како и на ѕидните површини од под до плафон, односно до висина 150см на ѕидовите во кујната, со флексибилна хидроизолација за премачкување во два слоја, вториот слој треба да биде под агол од 90 степени во однос на првиот слој.

Под предвидената кровна покривка од сендвич пластифициран лим да се предвиде поставување на хидроизолација и парна брана.

Кровната рамнина на објектите за домување во станбени куќи да биде предвиден на две води во попречен пресек.

Во станбените единици, покрај можност за ладење и греење со клима уреди, да се предвидат и оџаци за греење со камини или печки на дрво.

**5. КОНСТРУКЦИЈА**

Носечката конструкција на објектите да биде од челична конструкција со квалитет на материјал С.0361 (S235JR) со бетонски ѕидови од олеснат бетон со експандиран полистирен (EPS lightweight concrete) со максимална дебелина на ѕидови до 20.00 сантиметри помеѓу секоја станбена единица, како и на фасадните ѕидови, додека преградните ѕидови да бидат со

Општина Кочани

Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Македонија
тел. +389(0)33/274-001 • факс . +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

дебелина на ѕид не поголема од 15.00 сантиметри.

Подната плоча да биде со дебелина д=10 сантиметри од олеснат бетон со експандиран полистирен (EPS lightweight concrete).

Плочата на плафон да биде со дебелина д=15 сантиметри од олеснат бетон со експандиран полистирен (EPS lightweight concrete).

Фундирањето на објектот да биде предвидено со бетон МБ30.

**6. ЕЛЕКТРИКА**

Во проектната документација на објектот за фаза електрика да се предвиде ладење и греење со клима уреди.

Да се предвиде громобранска инсталација.

**7. ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА**

Објектот да биде планиран да се приклучи на новопредвидена улична водоводна и канализациона мрежа.

**8. ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**

За проектираниот објект да биде издадена потврда за усогласеност со која се потврдува дека минималните барања за енергетска ефикасност во основниот проект се во согласност со минималните барања за енергетска ефикасност.

**9. МАТЕРИЈАЛИ**

Сите ѕидови во објектите да бидат изведени со EPS light weight concrete како што е опишано во точка 5 од оваа проектна задача, изведени со користење на готови материјали кои ги задоволуваат ISO стандардите: експандиран полистирен со ISO14001:2004, Cor 1:2009 сертификат и цемент со сертификат EN ISO 14001:2004.

Челикот со кој ќе се предвиде челичната конструкција да биде со квалитет С.0361 (S235JR) .

Бетонот за фундирање да биде предвиден со квалитет МБ30.

**Спецификатор,**

*Помошник Раководител на Сектор за располагање*
*и уредување на градежно земјиште*
*( Влатко Димитров )*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КОЧАНИ